Република Северна Македонија
**Министерство за спорт**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Sportit**

Бр. 11 - 658/2
27-03-2026 .2026 год

**До:** Здружение за развој и унапредување на кајак кану спорт-Кајакарски Клуб ЦРН ДРИМ Струга

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено е од страна на Здружение за развој и унапредување на кајак кану спорт-Кајакарски Клуб ЦРН ДРИМ Струга, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 27.03.2026 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Здружение за развој и унапредување на кајак кану спорт-Кајакарски Клуб ЦРН ДРИМ Струга до Министерството за спорт заведено во архива под бр. 11-658/1 од 25.03.2026 година СЕ УСВОЈУВА.

### *Образложение*

До Министерството за спорт на ден 25.03.2026 година беше поднесено барање за слободен пристап на информации од јавен карактер со архивски број 11-658/1 од Здружение за развој и унапредување на кајак кану спорт-Кајакарски Клуб ЦРН ДРИМ Струга , во кое се бараат следнава информација:

Дали клубот „СК ПЕДЛ КЛУБ СКОПЈЕ“ пријавен како членка на Кајакарската федерација на РСМ во моментов има важечко решение за дејност спорт?

Одговор: Согласно Регистерот на спортски клубови и федерации, Спортски клуб “ПЕДЛ КЛУБ“ од Скопје нема Решение за вршење дејност спорт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-658/2
27.03.2026 година

**Министер**
**Борко Ристовски**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Доставено до:**
- Барател на информацијата
- Сектор
- Архива

Министерство за спорт
**Ministria e sportit**
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628
Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“
Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov
Email:
1000 Скопје, Република Северна Македонија
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
web: